| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Домашни птици |
| **Содржина на денот** | Во селскиот двор |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговори со децата како да се однесуваме на семејни дружења, за време на празници. Усвојување на хигиенски навики. |
| **Активност** | Поттикнете ја љубопитноста кај детето за еден многу чест продукт во исхраната, за јајцето (слика 1). Објаснете му дека овој важен продукт ни доаѓа од домашните птици за кои се грижи човекот (слика 2). Потоа објаснете дека освен на нив, познатата кокошка има и други домашни птици: гуски, патки, мисирки и др (слика 3, 4, 5). Сите тие имаат слични белези.<br>Опишете ги како изгледаат, со што им е покриено телото, со што се хранат, како се однесуваат во селскиот двор и на фармата.<br>Потоа објаснете дека домашните птици навечер пренoќуваат во мали куќички(кокошарници), во кои има седла за јајца (слика 6, 7). Направете заедно куќичка од коцки за домашни птици.<br>Нацртајте една домашна птица во блокот, детето нека ја именува и обои во соодветната боја со восочни боици (слика 8). |